**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Број:** 12-5115/2
04.10.2006
**Скопје**

Врз основа на член 46 став 2, од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" број 64/2000, 49/03 и 113/05), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на приватната високообразовна установа Факултет за туризам - Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека може да почне со работа од прва година на додипломски студии приватната високообразовна установа Факултет за туризам – Скопје, со седиште во Скопје, Булевар "Партизански одреди", број 99.
2. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одборот за акредитација на високото образование врз основа на членовите 26 и 42 од Законот за високото образование, донесе Решение сл. број 12 од 19.06.2006 година за прифаќање и акредитација на Проектот за основање на високообразовна установа Факултет за туризам - Скопје.

Основачот на приватната високообразовна установа Фондацијата "Коломбо"- Скопје, по извршените подготовки, достави писмено барање до Министерството за образование и наука, за остварување увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на Факултет за туризам, согласно членот 46 став 1 од Законот за високото образование.

Трочлена комисија формирана со решение на Министерот за образование и наука, на 25.09. 2006 година изврши увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на Факултет за туризам - Скопје, согласно со членовите 35 и 46, став 2 од Законот за високото образование, како и согласно со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на РМ" број 33/03). При увидот, Комисијата го имаше предвид и Решението за прифаќање и акредитација на Проектот за основање на Факултет за туризам. По извршениот увид, Комисијата поднесе Извештај до Министерот по однос на исполнетоста на условите за почеток со работа на Факултетот.

Имајќи ја предвид доставената финансиска гаранција од издадена од ТТК банка Скопје со важност од 29.09. 2006 година до 29.09.2007 година, по што

основачот треба да достави нова финансиска гаранција, како и со оглед на тоа дека е извршен избор на најмалку по три наставници и три соработници за прва и втора година на студии и дека се исполнети и другите услови за почеток со работа утврдени со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност, како и со Решението за прифаќање и акредитација на Проектот за основање, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ДОСТАВЕНО ДО:** - Основачот
Архивата

**МИНИСТЕР**

**Сулејман Рушити**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ